Училиштето, исто така, во средината во која што делува на подигање на свеста на родителите кои имаат деца кои се надвор од училиште, преку трибини и работилници уште и со индивидуални посети (реализирани од страна на образовни медијатори и училишни тимови за инклузија).

**9. Воннаставни активности**

Програмата на училиштето опфаќа различни воннаставни активности на учениците за задоволување на индивидуалните интереси и за развививање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба и толеранција низ дружењето во слободното време. Слободните ученички активности се организираат во областа на науката, техниката, уметноста, спортот, самозаштитата, унапредувањето на здравјето или со учество на учениците во културно - уметнички и општествено – хуманитарни активности (учество во училишен хор, драмска, рецитаторска секција, медиумски клуб и сл.). На тој начин во училиштето се создаваат можности учениците кои имаат интерес за одредени области и предмети, без оглед на успехот во редовната настава, да се вклучат и да се потврдуваат со своите постигања.

Личниот интерес на ученикот има примарно значење во изборот на воннаставните активности.

Можноста за поврзувањето на содржините во слободните ученички активности зависи од интересот на учениците, но сепак, без оглед на корелацијата со наставата, со слободните ученички активности се збогатува воспитно - образовната работа на училиштето со што станува поприврлечно за учениците.

Со реализацијата на слободните ученички активности се воспоставува современ пристап што овозможува активно учество на учениците на повеќе нивоа: од изборот и селекција на темите, преку изведување на активностите, па сè до презентација на резултите и нивна примена во училиштето, средината и секојдневниот живот.

Секој ученик учествува во една слободна ученичка активност по свој избор, а училиштето ги сумира интересите преку спроведување на анкетен прашалник на почетокот на учебната година. Учениците кои учествуваат во училишниот хор или оркестар можат да се ангажираат најмногу до три часа неделно. Одделни секции или групи што се организираат можат да се обединуваат според содржината или карактерот на активностите во поголеми ученички асоцијации, како на пример, во училиштето може да се формираат училишни клубови, друштва и сл. Постојат можности за поврзување на слободните активности на учениците и на ниво на општина, со соодветни организации и заедници.

### 9.1 Училиштни спортски клубови

Здружение училишен спортски клуб „Васил Главинов“ Велес. Регистриран на 07.02.2014 година, Дејност спорт - училишен спорт Одговорни лица: Лазо Радевски, Весна Николова, Анѓел Љутков и Жарко Климкаров. За подобрување на здравствената и психофизичка состојба на учениците и нивен правилен развој во училиштето ќе се реализираат повеќе спортски активности: мал фудбал, одбојка, ракомет, пинг понг, бадминтон, кошарка и атлетика за момчиња и девојчиња. За динамиката на реализација на активностите наставниците по ФЗО и одделенските наставници имаат изготвено програми. Училиштето ќе земе активно учество на сите спортски натпревари.

Реализатори: Лазо Радевски, Весна Николова, Анѓел Љутков и Жарко Климкаров.

**О** Активности за реализација на училишните спортови

| **Училишен спорт** | **Време на реализација** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|---|
| Кошарка | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Фудбал | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Футсал | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Одбојка | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Шах | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Пинг - понг | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |

План на активности за реализација на училишните спортови

| **Училишен спорт** | **Време на реализација** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|---|
| Кошарка | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Фудбал | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Футсал | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Одбојка | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Шах | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |
| Пинг - понг | во тек на учебната година | VI,VII,VIII,IX одд. |

### 9.2.Акции

Се организираат базари, хепенинзи, хуманитарни акции, еколошки акции и сл. вообичаено околу новогодишните и велигденските празници. Сето ова е во соработка со Советот на родители и општината.

Во овој дел особено ќе се обрне внимание на активно учество на учениците во солидарни акции, работни акции во и надвор од училиштето, уредување и одржување на училниците, училишната зграда и училишниот двор, одбележување на значајни датуми итн.

| **Цели** | **Содржини/активности** | **Реализатор** | **Време на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на работни навики кај учениците за одржување и грижа за училиштето и училишниот двор | Уредување на училишната зграда и училишниот двор, одржување хигиена во училниците, училишната зграда и училишниотдвор | Наставници и ученици | Во текот на учебната 2025/26 година | Почиста и поуредна работна средина и почиста и поуредна надворешна средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стекнување знаења за организација на работата, соработка и почитување во процесот на работа | Организирање на собирни акции од хуманитарен карактер | Одговорни наставници и ученици | Во текот на учебната 2025/2026 година | Развиена свест кај учениците за потребите кои ги имаат другите |
| Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на непосредната околина и соработка помеѓу сите нив | Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | Вработени и ученици | Во текот на учебната 2025/2026 година | Почиста и поуредна надворешна средина и поголема соработка |
| Вклучување на сите ученици и вработени во обликувањето и одржувањето на просториите во училиштето | Естетско обликување на просториите во училиштето | Вработени и ученици | Во текот на учебната година | Поуредни и поубави простории за учење и работа |
| Развивање основни работни навики при ракување со алат и прибор со кој се извршуваат работните задачи | Одржување и уредување на културно - историските споменици, одбележување на значајни историски датуми (уредување на околината на споменикот на паднатите борци) | Наставници и ученици | Октомври, Декември, Мај 2026 | Стекнати работни навики и умеење при ракување со алат и прибор со кој се извршуваат работните задачи |
| Развивање на љубов кон природата и природните убавини | Организирање излети во најблиската околина | Наставници и ученици | Април и Мај 2026 | Развиена свест и љубов кон природата и природните убавини |
| Одржување здрава и чиста околина и развивање работни навики | Пошумување на голи места во непосредната околина (активно учество во организирани акции | Наставници, ученици и Еко одбор | Декември 2025 и Март 2026 | Стекнати работни навики за одржување здрава и чиста околина |

**Ученичко организирање и учество**

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Заедницата на паралелката ја сочинуваат сите ученици во паралелката. Задачите на заедницата се да одлучува за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, како и односи со возрасните во училиштето. Изборот на тела во заедницата на паралелката се спроведува секоја година, заклучно со последната недела од првиот месец од учебната година. Секоја заедница избира претседател, заменик-претседател, постојани тела и повремени тела. Претседателот на заедницата се избира со мандат од една учебна година. Право да поднесе пријава за претседател на заедницата на паралелката има секој редовен ученик, во согласност со достапните мандати, кој има писмена поддршка од најмалку 1/5 од вкупниот број на ученици од истата паралелка.

Изборот за претседател на ученичкиот парламент е прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент. На конститутивната седница се избира комисија од тројца членови (на самоиницијативен предлог од страна на претседателите на паралелките кои нема да се кандидираат за претседател), која го спроведува изборот на претседател на ученичкиот парламент. Секој претседател на заедницата на паралелката пред почетокот на расправата за првата точка може да се кандидира за претседател на ученичкиот парламент со поднесување на пријава до претседавачот на конститутивната седница, т.е. директорот на училиштето. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.
Потребен материјал:1. маркер (креда) и табла; 2. кутија со отвор на капакот; 3. гласачки ливчиња (хартија со формат А4 исечена на осум делови на кои се испишани имињата на кандидатите; се подготвуваат онолку ливчиња колку што има ученици во одделението); 4. хартија со формат А4; 5. испишани критериуми за кои претходно се договориле учениците; 6. графички приказ на функции и тела во заедница-та на паралелката претставени на хартија со формат А3; 7. селотејп.
**Ученичкиот парламент** - претставува значаен сегмент во организацијата на животот и работата во училиштето.

Задачи на на учениците се:

- поттикнување и развивање на смислата кај учениците за иницијатива, истражување, идентификување и решавање на проблеми во училиштето и средината;
- негување и развивање на другарство, почитување и разбирање;
- поттикнување и развивање на свест кај учениците за одговорност во одржувањето на редот и дисциплината и заштитата на имотот во училиштето.

Учество во активности од програмата ЕКО училиште со што ќе се овозможи кај учениците да се развива свеста и стекнат знаења и вештини за заштита на животната средина и нивна одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето домот и пошироката заедница.

| ***Месец*** | ***Содржина на работа*** | ***Реализатори и соработници*** |
|---|---|---|
| ***IX*** | Избирање на раководство на Ученичкиот парламент од 3 члена: претседател, заменик претседател, записничар<br>Избор на претставници во УО, Совет на родители и Наставнички совет<br>Избор на ученички правобранител<br>Изготвување на програма за работа на Ученичкиот парламент и правобранител<br>Формирање на комисии за организацијата на животот и работата во училиштето: културно - забавен живот; општествено - корисна работа; за најдобро уредена училница; помош на стари и изнемоштени лица и социјално загрозени ученици | Раководството на паралелките од I-IX одд. |
| ***X*** | Изготвување на програма за работа на комисиите<br>„Фактори за успешно учење“ - предавање<br>Одржување трибина за човековите права | Соодветната комисија, претседателството на ученичкиот парламент, педагог, психолог |
| ***XI*** | Анализа на постигнатите резултати во првиот класификационен период<br>Анализа на причините за неоправданото отсуство на поедини ученици од училиште<br>Работилница-Конструктивно разрешување на конфликти<br>Почитување на кодекс на однесување во училиштето<br>Организирање на акција за уредување на ентериерот во училиштето | Претставници од Ученички парламент на ниво на паралелки, Педагог-психолог Наставници |
| ***XII*** | Работилница - Превенција од сексуална злоупотреба/педофилија<br>Предавање/дискусија-превенција од ХИВ<br>Организирање на активности по повод Новогодишните празници<br>Дебата: Младите и нивните пороци | Педагог-психолог<br>Претставници од Здравствен дом-Велес<br>Претставници на Ученички парламент |
| ***I*** | Анализа на постигнатите резултати во првото полугодие | Претставници на Ученичкиот парламент |

| | | |
|---|---|---|
| ***II*** | Презентација-превенција од супстанци кои предизвикуваат зависност<br>Анализа на работата на ученичкиот парламент во изминатиот период и предлог мерки за негово подобрување<br>Подготовка за културно-забавна програма по повод 8ми Март | Педагог-психолог<br><br>Наставници по македонски јазик и литературна секција |
| ***III*** | Организирање активности од ЕКО проект<br>Организирање на работни акции-уредување на училишниот двор<br>Подготовки по повод одбележувањето на Денот на училиштето<br>Предавање:„Причина за агресивното однесување на учениците“<br>Подготовки за одбележување на денот на шегата 1ви Април | Еколошката секција, ученици<br>Педагог-психолог |
| ***IV*** | Анализа на постигнатите резултати во третиот класификационен период<br>Информации за професионална ориентација на ученици од VIII и IX одд.<br>Организирање работни акции по повод одбележување Денот на екологијата<br>Учество во планирањето на активностите по повод Велигденските празници | Претставници од Ученичкиот парламент на ниво на паралелки,<br>Педагог-психолог<br>Наставници |
| ***V*** | Предлози за најдобро уредена училница, за најдобар ученик на ниво на генерација<br>Учество во планирањето на ученички екскурзии | Претставници на Ученички парламент |
| ***VI*** | Анализа на работа на Ученичкиот парламент | Преставници на Ученичкиот парламент<br>Педагог-психолог |

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии, излети и другите вонучилишни активности и Годишната програма за работа на училиштето се изготви Програма за реализација на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности за оваа учебна година. Училишниот одбор со одлука, формира посебен стручен тим за подготовка на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности со учениците од училиштето. Стручниот тим на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности го сочинуваат: директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, излетот или друга вонучилишна активност, одделенските раководители.

Екскурзиите и излетите за сите ученици од исто одделение во училиштето се организираат и изведуваат истовремено, со иста содржина и активности.

Екскурзиите и излетите се организираат и изведуваат на територијата во Република Северна Македонија.

**Со еднодневните излети ќе бидат опфатени учениците од I, II, IV, V, VII и VIII одд.**

**Стручен тим за организирање екскурзии, излети и други вонучилишни активности:**

Драги Коцевски - директор
Маргарита Евтимова - проф. во одделенска настава
Биљана Димовска Стојкова - проф. во одделенска настава
Катерина Стојкова – проф.во одделенска настава
Катерина Ѓорѓиева - проф. во одделенска настава
Евица Кимова - проф. во одделенска настава
Каролина Попова – проф. по македонски јазик
Весна Димитриева - проф. по англиски јазик
Милка Андонова – проф. по техничко и информатика
Весна Николова – проф. по ФЗО

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ И ИЗЛЕТИ**

Врз основа на член 6 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерот за образование и наука, Стручниот тим од ООУ „Васил Главинов“ Велес, за учебната 2025/2026 година, изготви Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности

***Програма за реализација на еднодневен излет***
***I одделение***

Според насоките од Министерството за образование и наука за оваа учебна година 2025/2026 излетот се организира на оддалеченост до 5 километри од училиштето без користење на јавен превоз. Излетот ќе се организира на ниво на одделение и ќе се реализира во согласност со моменталните мерки и препораки.

**Цели и задачи:**
-Престој во природата во функција на здравјето на учениците.
-Негување на колективниот живот и другарство.
-Запознавање со предметите и појавите во нивните природни средини и во нивните животни услови.
- Во здраво тело – здрав дух, негување на физичката активност во интерес на здравјето, изведување на спортски активности на отворено

**Време на изведување:**
Излетот ќе се реализира во месец мај 2026 год.

**Опфат на ученици:**
Ќе бидат опфатени учениците од I одделение.

**Патен правец:**
Училиште- Градски парк- училиште

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**
-Посета на Градскиот парк

**Раководители на екскурзијата :**
Маргарита Евтимова I 1 одд.
Славица Левкова I 2 одд.
Александра Величкова Зафировска I 3 одд.
Лилјана Темелкова/ Анита Јамалова I 4 одд.
Паулина Ставрева/ Сања Јорданова - Николова I 5

Елизабета Славков Подрачно – нас.Превалец
Мариела Пановска Подрачно – нас.Раштани

**Одговорен на стручен актив на I одд.**

**Одделенски наставник: Маргарита Евтимова**

## ***<u>Годишна програма за реализација на еднодневен излет</u>***

## ***<u>второ одделение</u>***

Според насоките од Министерството за образование и наука за оваа учебна година 2025/2026 излетот се организира на оддалеченост до 5 километри од училиштето без користење на јавен превоз. Излетот ќе се организира на ниво на одделение и ќе се реализира во согласност со моменталните мерки и препораки.

**<u>Цели на еднодневниот излет:</u>**
Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
Престој во природата во функција на здравјето на учениците.
Систематизирање и проширување на знаењата
Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себеси.
**<u>Време на изведување:</u>**
Излетот ќе се реализира во месец мај/јуни 2026 год.
**<u>Опфат на ученици:</u>**
Ќе бидат опфатени учениците од II одделение.
**<u>Релација :</u>** Училиште- околината на општина Велес – училиште

| Активност | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Посета на Градскиот парк | Стручен актив на второ одделение | Спортски реквизити | мај – јуни 2026 година |
| Организирање на меѓуодделенска мини олимпијада | | | |
| Караоке забава по завршетокот на Мини олимпијадата и прогласување на победници | | | |

**<u>Раководители на еднодневниот излет</u>**

Лилјана Миланова II 1
Виолета Гемишова II 2
Биљана Димовска Стојкова II 3
Анита Ѓошева II 4
Марјана Самарџиева II 5
Мирјана Танчева II 6
Лила Арсова Објект 2
Трошоците за планираниот еднодневен излет ги сносат родителите на учениците.
**Забелешка:** Оваа програма доколку има потреба може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и во согласност на активот.

**Стручен актив на второ одделение**

**Одделенски наставник: Биљана Димовска Стојкова**

## ***<u>Годишна програма за реализација на еднодневна екскурзија</u>***
## ***<u>трето одделение</u>***

Стручниот актив на трето одделение во Годишната програма за работа за учебна 2025/26 година планира екскурзија која има научен, воспитно – образовен, здравствен и рекреативен карактер.

**Релација :** Велес – Стоби – Неготино –Велес

**Цели на еднодневниот излет:**

Проширување на стекнатите знаења за природните убавини и ресурси
Запознавање и проширување на стекнатите знаења за археологија, археолошки наоѓалишта, градби кои постоеле во подалечното минато;
Продлабочување на знаењата за народното творештво, стари занаети и културно– историски градби кои датираат од минатото;
Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
Систематизација и проширување на знаењата
Социјализација, колективна заштита и стекнување искуства за осамостојување и грижа за себеси.

| Активност | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Посета на археолошко наоѓалиште „Стоби“ | Стручен актив на трето одделение | Спортски реквизити | мај – јуни / 2025година |
| Посета на манастир „Св.Ѓорѓи“ Неготино | | | |
| Прошетка низ градот Неготино | | | |



**Раководители на екскурзија**

Елена Клемова

Далиборка Тосева

М-р Елена Костова

М-р Катерина Стојкова

Билјана Радевска

Емилија Несторова

Викторија Лазова

Забелешка: Трошоците за планираната екскурзија ги сносат родителите на учениците.

## ***Програма за еднодневен излет за учениците од IV одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето за IV оддление е планиран еднодневен излет во блиската околина. Истиот е корисен од здравствен, воспитно- образовен и рекреативен карактер.

**Цели и задачи:**
- Престој во природата во функција на здравјето на учениците
- Негување на колективниот живот и другарството
- Поврзување и проширување на знаењата на учениците со реалноста, теоријата со практиката и нивна конкретна и нагледна систематизација
- Запознавање на учениците и проширување на нивните знаења за културно - историските знаменитости во потесната и пошироката околина

**Време на изведување:**

Излетот ќе се реализира во месец мај или јуни 2026 год.

**Опфат на учениците:**
Ќе бидат опфатени учениците од IV одделенија

**Релација:**
Велес-Ваташа-Кавадарци -Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**
-Прошетка низ градот Кавадарци – Градски Парк, центарот на градот, Винарија Тиквеш, Музеј Галерија - Кавадарци и Споменик на 12 ваташки младинци
-споменици
-стари градби
-изгледот на земјиштето, релјеф и клима
- флора и фауна

**Буџет:**
Средства за излетот ќе ги обезбедат учениците, односно нивните родители или старатели

**Раководители на екскурзијата :**
Ѓорѓиева Катерина IV -1
Христина Арилон IV -2
Сашко Чоков IV -3
Тања Зарева IV -4
Михајловска Гордана IV -5
Даниела Бабуновска IV - 6

**Одговорен наставник**
Ѓорѓиева Катерина

***Програма за реализација на еднодневен излет***
***V одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето, според правилникот за организирање излети и екскурзии, за V одделение во учебната 2025/2026 е планиран еднодневен излет во блиската околина. Истиот е корисен од здравствен, емоционален,воспитно- образовен и рекреативен карактер.

***Цели и задачи:***
- Престој во природата во функција на здравјето на учениците
- Негување на колективниот живот и другарството
- Поврзување и проширување на знаењата на учениците со реалноста, теоријата со практиката и нивна конкретна и нагледна систематизација
- Запознавање на учениците и проширување на нивните знаења за културно-историските знаменитости во потесната и пошироката околина
- Истражување на животински свет.

***Време на изведување:***
Излетот ќе се реализира во месец мај или јуни 2026 год.

***Релација:***
Велес – Кавадарци – Ваташа - Велес

***Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:***
- Посета на градот Кавадарци
- Посета на споменикот „12 Ваташки младинци“
- Престој во паркот

***Буџет:***
Средства за излетот ќе ги обезбедат учениците, односно нивните родители или старатели.

***Раководители на екскурзијата :***
Лорета Рушкова V 1
Оливера Матева V 2
Сања Гуџова V 3
Евица Кимова V 4
Оливера Нецинова V 5
Радмила Бабунска V 6

***Програма за реализација на ученичка екскурзија за учениците од VI одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето за учениците од VI одд. планирана е дводневна екскурзија.

**Цели и задачи**
Запознавање на учениците со дел од историското, културно и природно наследство на Р.С.Македонија и проширување на стекнатите знаења
Развивање на свеста за здрава еколошка животна средина
Негување на колективен живот и другарство

**Време на реализација:**
Во текот на месец мај, 2026 година

***Релација:***
Велес - Охрид - Велес

**Предели подрачја и објекти што ќе се посетат:**
Прв ден:
Куќата на Робевци,
Охридскиот амфитеатар,
Црква Св. Богородица Перивлепта,
Самоиловата тврдина,
Црква Св.Пантелејмон - Плаошник,
Црква Св. Јован – Канео.
Втор ден:
Рибникот за мресетење на пастмрки,
Наколното живеалишта од праисторијата во Долината на коските,
Манастир Св. Наум

**Буџет**
Средствата за екскурзијата ќе бидат обезбедени од учениците преку родителите/старателите.

**Раководители на екскурзијата**
Стручен актив на VI одделение

***Програма за реализација на еднодневен излет***
***VII одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето за VII одделение е планиран еднодневен излет. Излетот има рекреативен карактер, корисен е за здравјето на учениците и има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес.

**Цели и задачи**

*Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците
* Со самиот излет се придонесува за негување и проширување на другарството
* Излетот овозможува да се збогати знаењето на учениците за културно – историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат

**Време на изведување:**

Излетот ќе се реализира во втората половина од месец мај 2026 година

**Таргет група:**

Ќе бидат опфатени сите заинтересирани ученици од седмо одделение

**Патен правец:**

Велес – Штип – Ново Село – Бања Кежовица – Штип – Сити мол – Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**

Посета на научниот музеј во Штип, посета на тврдината Исар, Музејот на восочни фигури во Ново Село, Бања Кежовица, посета на трговскиот центар во Штип

**Буџет:**

Средствата за екскурзијата ќе ги обезбедат учениците преку нивните родители

**Раководители на екскурзијата:**

Одделенските раководители на сите седми одделенија

**Одговорен наставник**
Весна Димитриева

## ***Програма за реализација на еднодневен излет VIII одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето за VIII одд е планиран еднодневен излет. Излетот има рекреативен карактер, корисен е за здравјето на учениците и има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес.

**Цели и задачи:**

• Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците;
• Со самиот излет се допринесува за негување и проширување на другарството;
• Излетот допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат.

**Време на изведување:**

Екскурзијата ќе се реализира во втората половина на месец мај 2026 година.

**Таргет група:** Ќе бидат опфатени сите ученици од VIII одделение.

**Релација:** Велес - Скопје - Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат:**

- Скопско Кале;  Црква Св. Спас, гробот на Гоце Делчев; Музеј на Македонската борба; Планетариумот; Водно (Милениумски крст), Ист Гејт мол.

**Одговорни наставници:**

VIII1-Катерина Најдов
VIII2-Никола Божиков
VIII3-Веселинка Маџарова
VIII4-Весна Здравковска
VIII5-Светлана Стојановска
VIII6-Милка Андонова

***Програма за реализација на ученичка екскурзија за учениците од IX одделение***

Во годишната програма за работа на училиштето за IX одд. е планирана **тродневна** екскурзија. Екскурзијата има рекреативен карактер, е корисна за здравјето на учениците и самата екскурзија има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес.

**Цели и задачи** :
Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците ;
Со самата екскурзија се допринесува за негување и проширување на другарството ;
Екскурзијата допринесува да се зботати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат.
**Време на изведување** : Екскурзијата ќе се реализира во месец мај 2026 год.
**Таргет група** : Ќе бидат опфатени сите ученици од IX одд.
**Патен правец** : Велес - Охрид - Битола - Велес

**Предели, подрачја и објекти што ќе се посетат** :

ПРВ ДЕН:
Разгледување на градот Охрид
Посета на куќата на семејството Филеви
Посета на куќата на семејството Робевци
Разгледување на фрески и иконите на црквата Св.Софија
Разгледување на фрески и иконите на црквата Св.Богородица
Посета на Охридскиот амфитеатар
Самоиловата тврдина
Плаошник-црквата св.Пантелејмон
Црквата Св.Јован Канео
Старата Охридска чаршија
ВТОР ДЕН
Хидролошки завод „Билјанини извори“
Заливот на коските
Манастирот Св.Наум Охридски
ТРЕТ ДЕН
Битола – Широк Сокак
Враќање во попладневните часови за Велес.

**Раководители на екскурзијата** :
Спасиќ Наталија – одд. раководител -9-1;
Македонка Грков- одд. раководител 9-2;
Тодорова Кети - одд. раководител 9-3;
Николова Весна - одд. раководител 9-4;
Татјана Саздова Стефановски- одд. раководител 9-5;
Стефановска Снежана -одд.раководител 9-6 одд.
**Буџет**: Средствата за екскурзијата ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители.

**Одговорен наставник:** Весна Николова

**Програма за реализација на еднодневна планинарска тура на учениците од VI - IX одд. за учебната 2025/2026 год.**

Во годишната програма за работа на училиштето за VI-XI одд. е планирана **еднодневна планинарска тура**. Еднодневната планинарска тура има рекреативен карактер, таа е корисна за здравјето на учениците, за подобрување на психо-физичките способности кај учениците, има позитивно влијание на воспитно – образовниот процес .

**Цели и задачи** :

Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците ;

Со самата планинарска тура се допринесува за негување и проширување на другарството ;

Планинарската тура допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат ;

Се буди креативноста и самодовербата кај учениците како и стекнувањето на вештини за снаодливост во природа, како да се користат природните ресурси и навиките кои ќе придонесат природата да остане чиста и здрава средина.

**Време на изведување** :

Планинарската тура ќе се реализира во втората половина на месец април 2026 год.

(во програмата се пишани две различни тури од кои ќе биде одбрана една)

**Таргет група** :

Ќе бидат опфатени сите ученици од VI до IX одд.

**Патен правец** :

1.Велес (центар) – рид Св. Илија –Велес (центар)

2. Велес (центар) – рид Вршник – Велес (центар)

**Предели , подрачја и објекти што ќе се посетат**

(спомен куќа на Коста Солев - Рацин)

**Раководители на планинарската тура** :

Наставници од активот на ФЗО

**Буџет** :

Средствата за планинарската тура ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители .

Одговорен наставник – Весна Николова

**Програма за реализација на тридневна планинарска тура на учениците од VI-IX одд. за учебната 2025/2026 год.**

Во годишната програма за работа на училиштето за VI-XI одд. е планирана **тридневна планинарска тура**. Планинарската тура има рекреативен карактер, таа е корисна за здравјето на учениците, за подобрување на психо - физичките способности кај учениците, има позитивно влијание на воспитно - образовниот процес .

**Цели и задачи** :

Просторот во природа секогаш има позитивно влијание на здравјето на учениците;

Со самата планинарска тура се допринесува за негување и проширување на другарството;

Планинарската тура допринесува да се збогати знаењето на учениците за културно - историските знаменитости на местата низ кои ќе поминуваат и за просторот во кој ќе престојуваат;

Се буди креативноста и самодовербата кај учениците како и стекнувањето на вештини за снаодливост во природа, како да се користат природните ресурси и навики кои ке придонесат природната средина да остане чиста и здрава средина.

**Време на изведување** :

Планинарската тура ќе се реализира во првата половина на месец октомври 2025 год.

**Таргет група** :

Ќе бидат опфатени сите ученици од VI до IX одд.

**Патен правец** :

1.Велес-Крушево-Велес

2. Велес – планинарски дом Чеплес – Велес

3 . Велес – Михајлово – Велес

(во програмата се предвидени три дестинации од кои ќе биде одбрана една)

**Предели , подрачја и објекти што ќе се посетат** :
Прв ден :
Прошетка низ градот Крушево
Посета на Музеј-спомен куќата Тоше Проески
Втор ден
Пешачење до зимско-спортски центар Крушево и назад
Забавни игри на спортки комплекс
Трет ден
Посета на Мечкин камен
Посета на Гумење

**Раководители на планинарската тура**:
Наставници од активот ФЗО

**Буџет** :
Средствата за планинарската тура ќе ги обезбедат учениците, преку нивните родители .

**Одговорен наставник** – Весна Николова

### 11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Учениците се вклучени во музичко училиште, балет, спортски клубови (фудбал, кошарка, одбојка, карате, атлетика, тенис), Црвен крст, Народна техника, Детска организација, еколошки друштва, планинарски друштва и сл.). Бројот на ученици ќе се утврди на почетокот од учебната година врз основа на анкетен прашалник.

## 12. Натпревари на учениците

Натпреварите влијаат кај учениците да се развива натпреварувачки дух, другарство, продлабочување и проширување на нивните знаења.
Според нивото на одржување, тие се училишни, општински, регионални и републички. Ученичките натпревари ќе се организираат за учениците од VI - IX одд. по сите наставни предмети. Учениците од одделенска и предметна настава ќе учествуваат на Меѓународен натпревар по информатика/математика – Дабар и Кенгур. Интерните натпревари ќе се реализираат според однапред изготвен план и во нив ќе земат учество ученици од I - IX одд.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|
| Планирање на реализација на училишни натпревари | Септември 2025 | Стручни активи ученици | успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на Планот на огласна табла | Октомври/ ноември 2025 | наставници | транспарентност и навременост во информирањето |
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | континуирано | наставници | продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Март/април 2026 | Наставници Совет на родители | навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поддршка од Совет на родители | Март/април 2026 | Наставници Совет на родители | навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |
| Спроведување на училишните натпревари-ученици кои постигнале солидни резултати на општински натпревари ќе учествуваат на државни и меѓународни натпревари | Мај/јуни 2026 | наставници | избор на најталентираните ученици кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |
| Истакнување на резултати | Јуни 2026 | наставници | транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински, регионални и државни натпревари | во текот на второто полугодие | наставници | редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |
| Анализа на постигнатите резултати од натпревари | во текот на второто полугодие | Стручна служба | Превземање соодветни активности за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |

**Програма за реализација на ученички натпревари во учебната 2025/2026 год.**

**I ОДД.**

| БР. | ТЕМА | ДАТА НА ОДРЖУВАЊЕ | НАТПРЕВАРУВАЧИ | ОСВОЕНИ НАГРАДИ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Природни науки „ДОМАТИНО“** | **16.10.2025г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 2. | **Природни науки „ДОМАТИНО“** | **17.10.2025г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 3. | **Природни науки „ДОМАТИНО“** | **20.10.2025г.** | **Победниците од двете смени** | |
| 4. | **Математика „ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА“** | **13.11.2025г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 5. | **Математика „ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА“** | **14.11.2025г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 6. | **Математика „ВЕСЕЛА МАТЕМАТИКА“** | **17.11.2025г.** | **Победниците од двете смени** | |
| 7. | **Природни науки „ЗАЈКО СЕЗНАЈКО“** | **27.11.2025г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 8. | **Природни науки „ЗАЈКО СЕЗНАЈКО“** | **28.11.2025г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 9. | **Природни науки „ЗАЈКО СЕЗНАЈКО“** | **1.12.2025г.** | **Победниците од двете смени** | |
| 10. | **Ликовно образование-изложба на цртежи** | **22-30.12.2025г.** | **Цртежи од сите одделенија** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **„Дедо Мраз – заедно со нас “** | | | |
| 11. | **Музичко образование- најубаво ѕвонче „Новогодишен фестивал “** | **30.12.2025г.** | **Ученици од сите одделенија** | |
| 12. | **Општество „МОЕТО СЕМЕЈСТВО“** | **5.2.2026г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 13. | **Општество „МОЕТО СЕМЕЈСТВО“** | **5.2.2026г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 14. | **Општество „МОЕТО СЕМЕЈСТВО“** | **5.2.2026г.** | **Победниците од двете смени** | |
| 15. | **Македонски<br>„ ВЕСЕЛА АЗБУКА“** | **20.05.2026г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 16. | **Македонски<br>„ВЕСЕЛА АЗБУКА“** | **20.05.2026г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 17. | **Македонски<br>„ВЕСЕЛА АЗБУКА“** | **21.05.2026г.** | **Победниците од двете смени** | |
| 18. | **Општество<br>„ПАТУВАЊЕ-ДОЖИВУВАЊЕ“** | **26.05.2026г.** | **$I^1$ $I^2$ и $I^3$** | |
| 19. | **Општество<br>„ПАТУВАЊЕ-ДОЖИВУВАЊЕ“** | **26.05.2026г.** | **$I^4$ $I^5$** | |
| 20. | **Општество<br>„ПАТУВАЊЕ-ДОЖИВУВАЊЕ“** | **27.05.2026г** | **победниците од двете смени** | |
| 21. | **СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ** | **3.06.2026г** | **По смени-сите одделенија** | |

**Одговорен на стручен актив на I одд.**

**Одделенски наставник : Маргарита Евтимова**

## II ОДД.

**Цели на програмата :**

- Поттикнување на натпреварувачки дух кај учениците;
- Развивање на способност за тимска соработка;
- Надградување на знаењата ,способностите и вештините на учениците;

- Развивање на креативност,дарба и иновативност кај учениците;
- Поттикнување на чувство за соработка и другарување.

| **Активност** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| Меѓуодделенски натпревар во брзо трчање на мало растојание | Стручен актив на второ одделение Ученици Наставник по ФЗО | | октомври 2025 |
| Интернационален натпревар по информатика „Дабар“ | Стручен актив на второ одделение Ученици | Компјутери Интернет | ноември |
| Општински натпревар по математика | Стручен актив на второ одделение Ученици | | февруари |
| Меѓуодделенски натпревар за заштита на животната средина „Еко – натпревар“ | | Смарт табла | април |
| Меѓуодделенски натпревар во фудбал | Стручен актив на второ одделение Ученици Наставник по ФЗО | Спортски реквизити | мај |
| Учество на ликовни конкурси | | Прибор за цртање,сликање моделирање | септември-јуни2026 |
| Учество на литературни конкурси | | Прибор за пишување | септември-јуни |
| Учество на проектни активности со натпреварувачки карактер | | Материјал за работа | септември-јуни |

**Забелешка:** Оваа програма доколку има потреба може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и во согласност на активот.

Одговорен одделенски наставник : Биљана Димовска Стојкова

## III ОДД.

**Цели на програмата :**

- Поттикнување на натпреварувачки дух кај учениците;
- Развивање на способност за тимска соработка;
- Надградување на знаењата ,способностите и вештините на учениците;
- Развивање на креативност,дарба и иновативност кај учениците;
- Поттикнување на чувство за соработка и другарување.

| **Активност** | **Носители** | **Ресурси** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Меѓуодделенски натпревар во брзо трчање на мало растојание | Стручен актив на трето одделение Ученици Наставник по ФЗО | | октомври 2025 |
| Интернационален натпревар по информатика „Дабар“ | Стручен актив на трето одделение Ученици | Компјутери Интернет | ноември 2025 |
| Општински натпревар по математика | Стручен актив на трето одделение Ученици | | февруари |
| Меѓуодделенски натпревар за заштита на животната средина „Еко – натпревар“ | | Смарт табла | април |
| Меѓуодделенски натпревар во фудбал | Стручен актив на трето одделение Ученици Наставник по ФЗО | Спортски реквизити | мај |
| Учество на ликовни конкурси | | Прибор за цртање,сликање моделирање | септември-јуни |
| Учество на литературни конкурси | | Прибор за пишување | септември-јуни |
| Учество на проектни активности со натпреварувачки карактер | | Материјал за работа | септември-јуни |

Одговорен наставник: М-р Катерина Стојкова

## IV ОДД.

**Цели на програмата :**
- Поттикнување на натпреварувачки дух кај учениците;
- Развивање на способност за тимска соработка;
- Надградување на знаењата способностите и вештините на учениците;
- Развивање на креативност,дарба и иновативност кај учениците;
- Поттикнување на чувство за соработка и другарување.

| Ученички натревари | Активности | Цел | Ресурси | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| -одделение -училишни општински републички | -натпревар во знаење | -мотивирање на учениците -поттикнување -развивање на чувство за тимска работа | -тастови на знаење | -февруари-мај 2026 |
| -литература | -литературно творење по повод патронен празник | -поттикнување на натпреварувачки дух | -литературни творби | -февруари -континуир |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -литературни конкурси | | | ано во текот на годината |
| -ликовно | -ликовно творење-конкурси | -мотивирање на учениците | -ликовни творби<br>-прибор за цртање, сликање и моделирање | -континуирано во текот на годината |
| -екологија | -еко квиз | -мотивирање на учениците<br>-поттикнување на натпреварувачки дух<br>-развивање на чувство за тимска работа | -квизови | -март |
| -математика | -одделенски квиз натпревар<br>-натпревари организирани од СММ(општински,регионален,државен,ПИ-ден) | -мотивирање на учениците<br>-поттикнување на натпреварувачки дух<br>- усвојување на табличното и вонтабличното множење и делење на ниво на автоматизација | -квизови<br>-натпревари | -јануари, февруари, март |
| информатика | -интернационален натпревар ,,Дабар” | -мотивирање на учениците<br>-поттикнување на натпреварувачки дух<br>-промовирање на информатиката и сродните науки<br>-промовирање на компјутерските науки | -интернет<br>-компјутер | -ноември |

**Стручен актив на четврто одделение**
**Одговорен наставник: Катерина Ѓорѓиева**

## V ОДД.

**Цели на програмата :**

- Поттикнување на натпреварувачки дух кај учениците;
- Развивање на способност за тимска соработка;
- Надградување на знаењата способностите и вештините на учениците;
- Развивање на креативност,дарба и иновативност кај учениците;
- Поттикнување на чувство за соработка и другарување.

| Активност | Носители | Ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| Меѓуодделенски натпревар во брзо трчање на мало растојание | Стручен актив на петто одделение<br>Ученици<br>Наставник по ФЗО | | октомври 2025 |
| Интернационален натпревар по информатика „Дабар“ | Стручен актив на петто одделение<br>Ученици | Компјутери<br>Интернет | ноември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Општински натпревар по математика | Стручен актив на петто одделение Ученици | | февруари |
| Меѓуодделенски натпревар за заштита на животната средина „Еко – натпревар“ | | Смарт табла | април |
| Меѓуодделенски натпревар во фудбал | Стручен актив на петто одделение Ученици Наставник по ФЗО | Спортски реквизити | мај |
| Учество на ликовни конкурси | | Прибор за цртање,сликање моделирање | септември-јуни |
| Учество на литературни конкурси | | Прибор за пишување | септември-јуни |
| Учество на проектни активности со натпреварувачки карактер | | Материјал за работа | септември-јуни |

**Забелешка:** Оваа програма доколку има потреба може да претрпи промени и дополнувања кои се во корист на целиот актив и во согласност на активот.

**Стручен актив на петто одделение**

**Програма за реализација на ученички натпревари по математика**

Поттикнување на интерес и љубов кон математиката кај учениците.
Развивање на логичко и апстрактно размислување.
Идентификување и поддршка на надарени ученици.
Подготовка на ученици за учество на општински, регионални и државни натпревари.

| Активност | Период | Цел |
|---|---|---|
| Идентификација на заинтересирани ученици | Септември 2025 | Формирање мала група за подготовка |
| Организирање неделни вежби и решавање на задачи | Октомври – март | Подготовка преку практична работа |
| Училишен натпревар по математика | Јануари 2026 | Избор на најуспешни ученици за општинско ниво |
| Индивидуална и групна подготовка на избраните ученици | Февруари – март | Задлабочена работа на повисоко ниво |
| Следење и учество на општински / регионални натпревари | Март – април 2026 | Претставување на училиштето |
| Евалуација и доделување признанија | Мај 2026 | Мотивација и признавање на трудот |

Активностите ќе бидат следени преку редовно евидентирање на присуство и активност на учениците, решени тестови и задачи, како и преку резултатите од училишниот и општинскиот натпревар. На крајот од натпреварувачката сезона ќе се направи евалуација со краток извештај.

Зголемена заинтересираност за математика.
Подобрени аналитички способности кај учениците.
Учество и пласман на ученици на повисоки нивоа на натпревари.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

## БИОЛОГИЈА, ХЕМИЈА и ПРИРОДНИ НАУКИ

Натпреварите за учениците од нашето училиште имаат за цел:

вреднување и рангирање на нивото на стекнатите знаења, умеења и вештини на учениците од предметот
да ги потикнуваат учениците кон поголем интерес за проширување и продлабочување на знаења;
да го развиваат натпреварувачкиот дух;
да ги откриваат талентираните и надарените ученици заради насочување на истите кон продлабочени содржини;
да ја потикнуваат соработката меѓу учениците и менторите како и меѓусебната размена на информации на сите нивоа.

ПЛАН ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧИЛИШНИ НАТПРЕВАРИ

•Планирано реализирање на натпревари по наставни предмети од V до IX одд.
•Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија.

ПРОПОЗИЦИИ

•Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмети.
•Ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество.
•Наставникот- ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот.

СПРОВЕДУВАЊЕ: Поради големиот број на ученици во нашето училиште ќе се организираат натпревари на ниво на паралелки во училиштето.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|
| **Планирање на реализација на натпревари** | Септември 2025 | Стручен актив | успешна реализација на учениците во натпреварите |
| **Истакнување на Планот на огласна табла** | Октомври/ноември | наставници | транспарентност и навременост во информирањето |
| **Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците** | октомври | наставници | продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (градски,општински и државни натпревари** | во текот на второто полугодие | наставници | редовност во извршувањето на подготовките за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |
| **Анализа на постигнатите резултати од натпревари** | во текот на второто полугодие | Стручна служба | Превземање соодветни активности за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |

За учество во натпреварите на кои учествуваат нашите ученици потребна е одредена котизација за учество, тимска поддршка од наставниците, соработка со родители и финансиски план на училиштето за целосна реализација.

За учениците кои учествуваат во натпреварите во други општини потребно е да се организира превоз за учениците - учесници од страна на училиштето.

За општинските и регионални натпревари кои се одржуваат онлајн во нашето училиште потребно е училиштето да овозможи пристап до интернет конекција и обезбедување електронски уред (компјутер, лаптоп на ученици кои немаат сопствени) за реализација на натпреварувачите.

За сите услови за учество на нашите ученици на поедини натпревари треба да бидат обезбедени од страна на училиштето во соработка со родителите на учениците.

| Вид на натпревар | Тип на натпревар | Време на реализација 2026 година | Ученици кои покажуваат резултати (учесници) | Ментор |
|---|---|---|---|---|
| **Биологија** | -Општински<br>-Регионален<br>-Државен | Февруари<br>Април<br>мај | 7,8,9 одд. | Персида Спасевска<br>Ленче Јаневска |
| **Природни науки** | -Општински<br>-Регионален<br>-Државен | Февруари<br>Април<br>мај | 5,6 одд. | Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |
| **Хемија** | -Општински<br>-Регионален<br>-Државен | Фебруари<br>Март<br>Април | 7,8,9 одд. | Катерина Најдов<br>Македонка Грков |
| **„Ноември месец на науката,, (Биологија,Хемија, Природни науки)** | -Државен натпревар | Ноември<br>2026 година | 5,6,7,8,9 одд. | Персида Спасевска<br>Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |
| **,,Светски ден на здравјето,<br>ССОУ Димитрија Чуповски** | -Општински | 07.04.2026 год | 7, 8,9 одд. | Персида Спасевска<br>Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |

ПЛАН за организирање на општински натпревари во нашето училиште по

Природни науки,Биологија,Хемија кои се организираат на ниво нашата општина

| Вид на натпревар | Организатори | Време на реализација 2026 година | Потребни услови за реализација | Наставници-ментори |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Општински натпревар по Природни науки** | Македонско биолошко друштво-МБД<br>-училиштето | Февруари-Март | -Училишни простории<br>-Интернет<br>-Наставници тестатори | Персида Спасевска<br>Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |
| **Општински натпревар по Биологија** | Македонско биолошко друштво-МБД<br>-училиштето | Февруари-Март | -Училишни простории<br>-Интернет<br>-Наставници тестатори | Персида Спасевска<br>Ленче Јаневска |
| **Општински натпревар по Хемија** | Здружение на хемичари<br>-училиштето | Февуари-Март | -Училишни простории<br>-Интернет<br>-Наставници тестатори | Катерина Најдов<br>Македонка Грков |

| Вид на натпревар | Организатори | Време на реализација 2026 година | Потребни услови за реализација | Наставници-ментори |
|---|---|---|---|---|
| **Регионален натпревар по Природни науки** | Македонско биолошко друштво-МБД<br>-училиштето | Март-април 2026 | -Училишни простории<br>-Интернет<br>-Наставници тестатори | Персида Спасевска<br>Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |
| **Регионален натпревар по Биологија** | Македонско биолошко друштво-МБД<br>-училиштето | Март-април | -Училишни простории<br>-Интернет<br>-Наставници тестатори | Персида Спасевска<br>Ленче Јаневска |
| **Регионален натпревар по Хемија** | Здружение на хемичари во училиште избрано од сојузот | Март-април | -Училиште избрано од сојузот | Катерина Најдов<br>Македонка Грков |

ПЛАН за организирање на Државен натпревар по

Природни науки,Биологија,Хемија

| Вид на натпревар | Организатори | Време на реализација 2026 година | Место на реализација | Наставници-ментори |
|---|---|---|---|---|
| **Државен натпревар по Природни науки** | Македонско биолошко друштво-МБД | Мај-јуни | -Природно математички факултет(ПМФ) | Персида Спасевска<br>Катерина Најдов<br>Македонка Грков<br>Ленче Јаневска |
| **Државен натпревар по Биологија** | Македонско биолошко друштво-МБД | Мај-јуни | -Природно математички факултет(ПМФ) | Персида Спасевска<br>Ленче Јаневска |
| **Државен натпревар по Хемија** | Здружение на хемичари во училиште избрано од сојузот | Мај-јуни | -Природно математички факултет(ПМФ) | Катерина Најдов<br>Македонка Грков |

***Стручен актив БИОЛОГИЈА,ХЕМИЈА и ПРИРОДНИ НАУКИ***

***Одговорен наставник: Ленче Јаневска***

ТЕХНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ И ИНФОРМАТИКА

ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Во програмата за ученички натпревари оваа учебна година предвидени се следните активности:
Меѓународен натпревар „Дабар“ – декември 2025;
Недела на Информатиката – февруари 2026;

Регионален натпревар на клубовите на младите техничари и природници-март 2026;

Државен натпревар на клубовите на младите техничари и природници – април 2026;

Регионален натпревар „Детски семафор“ – мај 2026;

Државен натпревар “Детски семафор” – мај 2026;

Учество во ЕКО ПАКЕТ натпреварот со експонати од тетрапак амбалажа – мај 2026.

**Одговорен наставник: Милка Андонова**

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА НАТПРЕВАРИ НА АКТИВОТ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во оваа учебна година активот по ФЗО има планирано да се натпреварува по сите спортски игри Одбојка, Кошарка, Ракомет, Фудбал и Футсал во машка и женска конкуренција во предметна настава VI - IX одделение.

Шах од I - IX одделение

Спортска Гимнастика од I - VII одделение

Учество на пинг-понг натпревари од предметна настава

Атлетика од I - IX одделение

Скијање од I - IX одделение

Е-спорт од I - IX одделение

Карате од I - IX одделение

Модерни танци од I - IX одделение

Тенис од I - IX одделение

**Одговорен наставник:Весна Николова**

**ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Во програмата за ученички натпревари оваа учебна година предвидени се следните активности:
- Учениците активно ќе учествуваат на сите меѓународни, државни и општински ликовни

конкурси кои ќе бидат објавени во текот на учебната година
- Учество во новогодишни штандови
- Учество во велигденски штандови
- Активности по повод Денот на училиштето: сценографија и организирање ликовен конкурс со учество на сите општински основни и средни училишта.
- Учество во работилници организирани од локалната самоуправа и други релевантни организации
- Учество во стрип работилница

**Одговорен наставник: Снежана Стефановска**

**Учениците од одделенска и предметна настава ќе земат учество на сите организирани натпревари на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.**

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

За унапредување на мултикултурализам во рамките на училиштето ќе се имплементираат содржини за човекови права и разрешување конфликти, развивање на почит и однос кон различностите, промовирање на редот, мирот, сожителството, културното наследство, традицијата на различните етникуми. Ќе се реализираат активности во кои ќе има размена на културите, традициите, културното наследство и образовните вредности.
Активностите од акциониот план ќе бидат имплементирани во редовната настава и вонннаставните активности.

| Активност | Носители | ресурси | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Активност - Информирање на вработените, локална заедница и пошироката средина за планираните активности | Тим за меѓуетничка интеграција | Веб страна на училиште брошура | Септември 2025 |
| Активност - Одбележување на Меѓународен ден на детето - „Учениците ги превземаат училиштата“ | Наставник по граѓанско образование | Веб страна на училиште | Ноември 2025 |
| Активност - Организирање дебата на тема „Условите за напредок и професионален развој на надарените и талентирани ученици“. | Стручна служба | Работни материјали | Март 2026 |
| Активност - Едукативни работилници „Надминување на стереотипи и предрасуди“ - меѓуврсничка едукација | Стручна служба | Работни материјали | Април 2026 |
| Активност - Организирање спортски натпревар - футсал. | Наставници по ФЗО | Спортски реквизити | Април 2026 |
| Активност .Мултимедијална изложба - Јас сум граѓанин на ЕУ | Наставници по ликовно образование и информатика | компјутери | Април 2026 |
| Активност - Одбележување на денот на книгата со акцијата-читаме-твориме – даруваме, литературно читање и наградни литературни творби од учениците | Наставници по македонски јазик | Работни материјали | Април 2026 |
| Активност - Посета на Струшките вечери на поезијата. | Тим за меѓуетничка интеграција | Потребна финансиска поддршка од | Мај 2026 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | општината Поддршка од Совет на родители | |
| Активност - Промотивни активности:хепенинг „Ајде да се дружиме и забавуваме“ - промовирање на постигањата на училиштето | Совет на родители | Поддршка од родители Бизнис сектор | Јуни 2026 |
| Активност - Евалуација на активностите | Тим за меѓуетничка интеграција | Работни материјали | Јуни 2026 |

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

Еразмус + ( X=Y TOA е ФЕР X=Y That is FAIR и Inclusive Education and Teamwork: Nurturing and Accepting Differences), еТвининг, „Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ поддржан од Детска фондација Песталоци, а во реализација на Здружението за асистивна технологија "Отворете ги прозорците", Интеграција на еколошка едукација во образованието - во соработка со ОХО и МОН; „Еднаков пристап за еднакви можности”; Заедничка Програма на Европска унија и Совет на Европа „Регионална поддршка за инклузивно образование“; Меѓуетничка интеграција во образованието - МЦГО, УСАИД, МОН; Намалување на насилството во училиштата - како да се сменат нештата.

Проекти и акциски истражувања што се реализираат во училиштето

Проектните активности се дел од планираните активности кои се од голема важност за унапредување на воспитно – образовниот процес во училиштето. Во учебната 2025/2026 година, нашето училиште има за цел да се вклучи во многубројни проекти и акциски истражувања.

**15.Поддршка на учениците**

**15.1 Постигнување на учениците**

Постигањата на учениците се составен дел од извештаите за успех кои редовно се следат, бележат и се прават споредбени резултати. Анализата на постигнатите резултати по паралелки и години ќе ја прават стручната служба и стручните активи и оттаму ќе произлезат конкретни активности за нивно подобрување. Во текот на целата учебна година ќе се следат постигнувањата на учениците, нивната редовност иповедение. Ќе се прави анализа на успехот по предмети, за учениците кои постигнуваат послаби резултати ќе се организира дополнителна настава. Ќе се идентификуваат и надарените ученици за кои ќе се организира додатна настава каде учениците ќе ги продлабочуваат и проширувaат веќе стекнатите знаења. Исто така ќе се идентификуваат и учениците кои имаат потешкотии во учењето, со нив стручните соработници ќе обавуваат советодавни разговори и ќе ги упатуваат на ефикасни техники за учење и стекнување на работни навики.Училиштето има изготвено процедура за откривање и грижа за учениците со потешкотии во учењето:

-Во почетокот на учебната година во училиштето се формира тим за поддршка на учениците со потешкотии во учењето кој изготвува програма за идентификација и поддршка на истите;

-Наставниците, стручните соработници и родителот/старателот вршат опсервација на учениците (најкратко првото полугодие за учениците од прво одделение и најкратко три месеци за учениците од останатите одделенија);

-Преку примена на инструменти се врши иницијална процена и се утврдува способноста за учење, како и подрачјата на потешкотии кај ученикот;

-Согласно потребите/потешкотиите на ученикот во учењето тимот за поддршка (наставник, дефектолог, педагог, психолог) изготвува програма за индивидуална поддршка; -Наставникот во текот на учебната година, по завршување на секој класификационен период ги следи индивидуалните постигања/ успехот на учениците со потешкотии во учењето; -Тимот за поддршка континуирано го следи когнитивниот и социо-емоционалниот развој на учениците;

-Советодавно консултативна работа со родителот/старателот на ученикот (насоки за работа во домашни услови);
-Соработка на тимот за поддршка со релевантни институции (Завод за ментално здравје, Центар за социјална работа, ресурсен центар за родители и деца, Црвен крст на РСМ...) со цел подобрување на емоционалниот и социјалниот статус на учениците; Училиштето посветува внимание на промовирањата на постигнувањата на учениците како преку редовната настава така и преку медиумите, веб страната на училиштето и преку социјалните мрежи. Училиштето креира политики за поттикнување на наставниците и учениците во поголем број на натпревати на локално, регонално и државно ниво.
Согласно Законот за основно образование и интерниот Правилник за наградување и пофалување на учениците во училиштето се спроведува следата процедура за наградување ученици:
-пофалби и награди се доделуваат на ученик, група ученици, екипа и паралелка, во текот и на крајот на учебната година;
-ученик се пофалува и наградува за: залагање и напредување во наставата, залагање и постигнат успех во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.), примерно поведение и позитивно однесување (развивање другарство, почитување и давање помош на другите лица, почитување наставници, вработени во училиштето и редовност во изведувањето на обврските), залагање и придонес во разновидни активности во училиштето и локалната средина (производствени, хуманитарни, културни и др.);
-предлогот за пофалби и награди го дава одделенски наставник/раководител, предметен наставник или училишна комисија, а одлука донесува одделенскиот односно Наставничкиот совет;
-на ученикот му се доделува пофалба во вид на дипломаили пофалница;-ученикот се наградува или пофалува за постигнатиот резултат два пати во текот на учебната година (на денот на училиштето и на крајот на учебната година);
-пофалувањето и наградувањето се прави на свечен начин во текот и на крајот на учебната година;
-за пофалбите и наградите се води соодветна педагошка евиденција и документација - училиштето на крајот на учебната година избира првенец на генерација од редот на учениците од деветто одделение.

**Просечни постигнувања по наставни предмети на учениците IV - IX одделение во учебната 2024/25 год.**






**VII одд.**




**VIII одд.**



**IX одд.**




**Општ успех на учениците на крајот од учебната 2024/2025 година**




**Постигнувања на учениците од VI - IX одд. изразено во проценти**



**15.2 Професионална ориентација на учениците**

Професионалната ориентација е научно стручна постапка со која поединецот се насочува на она подрачје на работа кое најповеќе соодвествува на неговите психофизички способности, особини на личноста и друштвени потреби во кои има најмногу можности да успее.

Професионалната ориентација се заснова на индивидуалните разлики во способностите и особините што се согледуваат од:

- психофизичкиот развој на ученикот
- однесувањето
- успехот во учењето
- воннаставни активности
- интересот на ученикот за поедини области и предмети

Од особена важност се и податоците кои се добиваат при уписот на ученикот во I одд:

- интелектуални способности
- особини на личноста
- сензорни способности
- навики
- говорот
- здравствената состојба
- пречки во развојот

Значајни се податоците и при преминот на ученикот од одделенска во предметна настава, како и податоците утврдени во VIII и IX одд.
Од тие причини неопходно е ученикот да се следи континуирано.

Целта на професионалната ориентација во училиштето е: учениците да бидат заинтересирани за својата професионална иднина и да превземат одговорност за своите одлуки;
- да се зголеми мотивираноста за учење, подобри учењето и дисциплината.

**Активности во училиштето за професионална ориентација**

Поаѓајќи од целта на професионалната ориентација и карактеристиките на возраста, способностите и интересите на учениците во рамките на училиштето се реализираат следните активности:

**Професионално советување** од страна на стручната служба, насочени кон ориентација кон согледување на алтернативните можности:
- оспособување на учениците за согледување на своите психофизички, развојни и интелектуални капацитети;
Работилници со учениците имаат за цел тие да се запознаат со значењето на професионалниот избор, на учениците да им се даде увид во значењето на релевантните информации, да се укаже на значењето - влијанието на надворешните фактори при изборот на занимањето (родители, врсници, училиште...), учениците да се запознаат со предрасудите кон одредени занимања (професии) и предрасудите воопшто.
Активно вклучување во практични активности во кои доаѓаат до израз нивните способности и афинитети. Имено, учениците организираат штандови на кои ги изложуваат своите творби (витражи, копаничарски творби, макети и сл.). Средствата собрани од штандовите се користат за уредување на ентериерот на училиштето.
Информирање на родителите и учениците. Вклучување на предметните наставници да низ процесот на наставата во контактот со учениците даваат повратни информации за нивната успешност од поедини предмети;
Насочување на учениците од страна на наставниците за нивно вклучување во слободните ученички активности;
Изборните предмети во функција на мотивираност на учениците и нивно подготвување за живот;
Организирана посета на саем на презентации на средни училишта;
Соработка со средните училишта кои во училиштето ја презентираат својата програма за работа и психофизичките барања кои ги наметнува одредено занимање.

**Тим за професионална ориентација на учениците: училишен психолог, педагог и наставници - одделенски раководители во IX одд.**

### 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

***Превентивни програми***

Училиштето превзема активности за превенција од насилното однесување на учениците, подигнување на свеста кај учениците за последиците од насилното однесување. Училиштето има училишна политика за намалување на насилното однесување на учениците во училиштето, во која се образложени начините и мерките кои ги превзема училиштето за намалување на насилното однесување.

Во училиштето ќе се реализираат повеќе превентивни програми: Превенција од сајбер насилство, „Безбедни училишта - хармонична средина, превенција од семејно насилство, превенција од ХИВ, превенција од вирусни инфекции, превенција од ТБЦ, превенција од болести на зависност, превенција од сексуална злоупотреба. Со учениците ќе се обработуваат теми за конструктивно разрешување на конфликти, вештини на комуницирање, видови на насилство, превенција од психоактивни супстанци, решавање на лични проблеми, запознавање на учениците со институциите во кои можат да се обратат, како помош на оние кои земаат дрога.

Ќе се реализираат работилници за подобрување на комуникациските вештини помеѓу учениците, тимска работа и делегирање на улоги, другарство, пријателство, толеранција. Активностите ќе се реализираат во соработка со СВР – Велес , Центар за социјални работи, ЈЗУ Здравствен дом Велес, Црвен крст и др.

Во училиштето ќе се реализира и Програма за Советување на родители.

**Програма за намалување на насилството во училиштето**

| **Превентивни активности** | **Време на реализација** | **Извршители** |
|---|---|---|
| Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство | Август 2025 | Директор, Наставнички совет |
| На Наставнички совет<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците | Август 2025 | Тимот за превенција од насилство |
| Совет на родители<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември/ октомври | Тимот за превенција од насилство |
| Родителски состаноци<br>Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето. | Септември/ октомври | Одделенските раководители, претставникот од Советот на родители |
| Стручно усовршување на наставниците<br>Што е насилство?<br>Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците | октомври/ ноември | Тимот за заштита учениците од насилство |
| Родителски состаноци<br>- Што е насилство | тековно | Тимот за заштита учениците од насилство |
| Часови на одделенската заедница<br>- Изработка на правила на однесување во паралелката | септември | Одделенски раководители |
| Часови на одделенската заедница<br>- Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето | тековно | Одделенски раководители |

| | | |
|---|---|---|
| Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството<br>-Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството | Тековно – по потреба | Одделенските раководители, Тимот за заштита учениците од насилство, релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

***- Безбедност во училиштето***

Училиштето има изработен план за движење при евакуација и на секој спрат се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив. Определени се наставници кои се одговорни при несакани елементарни непогоди. Континуирано се спроведуваи програмата за поддршка на ученици кои не го почитуваат Кодексот на однесување, ќе се одржуваат работилници и трибини.

***- Позитивна социо - емоционална клима***

Еден од факторите кој влијае врз создавањето на пријатна, стимулативна и креативна атмосфера во одделението е успешната комуникација.Таа е значајната детерминанта со која на учениците им се дава еднакви можности почитувајќи ги нивните можности и афинитети. Ученици кои имаат емоционални проблеми ќе добиваат поддршка во развивањето на способностите и вештините кои ќе им овозможат напредок. Покрај тоа што им даваат совети и насоки на наставниците и родителите за работа со децата што се соочуваат со потешкотии во учењето, стручните соработници, во многу случаи ќе даваат и интервентна или подолготрајна индивидуална /непосредна /директна поддршка на некои од овие ученици.

Во училиштето ќе се реализираат работилници со ученици со потешкотии во развојот, родители и наставници во соработка со претставници од Регионалниот центар за поддршка на инклузивно образование. Активностите и содржините ќе бидат прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Целта на активностите е да се обезбеди почитување на личноста, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување намислењата на сите, еднаков однос во однесувањето кон сите ученици и родители, негување на слободата за изразување и сл.

***Етички кодекси***

Во училиштето години наназад има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници, како и на web страната на училиштето. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители, се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците**

Целта на оваа програма е учениците да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност; да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок"; да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата; да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството; да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија (Во прилог Програмата за антикорупциска едукација на учениците).

## 16.Оценување на учениците

### 16.1 Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците е формативно и сумативно. Ќе се имплементираат стандарди и критериуми на оценување, почитување и примена на основните принципи на оценувањето, учениците ќе бидат вклучени во процес на оценување и самооценување, наставниците имаат перманентна стручна поддршка. Континуирано ќе се следат постигнувањата на учениците. Училиштето има изготвено извештај од самоевалуација.

| Активности | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|
| Планирање и имплементирање на сумативно оценување на учениците во Годишната програма, програми на стручни активи, тематско - процесни планирања | стручна служба, наставници | август 2025 |
| Запознавање на учениците и родителите со етичкиот кодекс за оценувањето на постигањата на учениците | стручна служба, наставници | септември |
| Планирање на формативно оценување во дневни подготовки | наставници | континуирано |
| Соработка на стручната служба со стручните активи во дефиниријање на методи и инструменти на оценување, ниво на знаења, вештини и способности | наставници | континуирано |
| Запознавање на учениците со критериумите и методите на оценување | наставници | септември 2025 |
| Вклучување на ученици во процес на оценување и самооценување | наставници | континуирано |
| Следење и поддршка на постигнувањата на учениците и давање повратна информација | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Информирање на родителите за постигнувањата на учениците | Наставници, стручна служба | континуирано |
| Примена на активни методи на учење и поучување кои го поттикнуваат учењето | Наставници | континуирано |
| Професионален развој на наставен кадар:<br>- реализација на нагледни часови и анализа, следење и користење на стручна литература, учество на обуки/семинари | стручна служба, БРО Акредитирани институции | континуирано |
| Изготвување на инструменти на оценување (тестови, контролни задачи, аналитички и холистички листи) во функција на формативно и сумативно оценување | наставници, стручна служба | континуирано |
| Сумативно оценување | наставници | четири тромесечија |
| Анализа на успехот на учениците и планирање на активности со цел да се подобри успехот по одредени предмети. | директор, стручна служба, наставници | три тромесечија |
| Подобрување на организацијата на хоризонтално учење | Стручни активи | континуирано |
| Анализа на сумативно оценување на постигнување на учениците | директор стручна служба, наставници | декември/јануари мај/јуни |
| Компаративна анализа на постигнувањата на учениците | директор, стручна служба | јуни/јули 2026 |

## 16.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Оценувањето на учениците ќе се врши според предвидените стандарди. За усогласеноста на оценувањето со стандардите ќе се врши следење, анализа и проверка од страна на стручен тим, составен од директор, стручна служба, предметни и одделенски наставници. Тие ќе имаат конкретни задолженија и операционализиран план за следење. За континуирано следење на оценувањето педагошко - психолошката служба изработува периодични аналитички извештаи.

Тимот за следење: директор, стручна служба, 2 предметни наставника и 2 наставника од одделенска настава.

**Следењето** се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

| План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар |
|---|

| содржина | цел | реализатор | време на реализација | методи, постапки,ресурси | очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање, програмирање и подготовка на сите нивоа | Подобрување на квалитетот во работата и унапредување на воспитно образовната работа | Директор, стручни соработници | Континуирано | Следење на дневни, неделни и годишни планирања и реализација на планирањата | Успешно и навремено планирање за успешно изведување на работата во училиштето |
| Следење, проверување и оценување на успехот на учениците | Подобрување на успехот кај учениците | Одделенски и предметни наставници и БРО преку одговорен советник | Континуирано | Усно испитување, писмени работи, тестови, практична работа, тековни следења | Подобрен успех и повисоки резултати |
| Следење, проверување и оценување на успехот на наставниците | Зголемено користење на современи методи и техники во наставата | Директор, стручни соработници | Континуирано | Посета на наставни часови, примена на Модел за следење на наставата | Успешно изведување на наставна дејност и користење на современи методи и техники |
| Перманентно стручно усовршување на раководниот и наставниот кадар | Подобрување на квалитетот во работата, користење на нови трендови во педагошката наука и пракса | Стручни активи, Предавачи од акредитирани институции, БРО и др. | Континуирано | Состаноци на стручни активи, отворени часови посета на семинари, обуки и само образование | Постојано развивање на компетенциите на кадарот во училиштето |
| Водење на педагошка евиденција и документација | Уредно водење на педагошка евиденција и документација | Директор, стручни соработници, одговорен советник при БРО и Просветен инспекторат | Континуирано | Увид во педагошката евиденција и документација | Точно, навремено, прецизно внесување |
| Користење на информатичко комуникациска технологија во настава | Зголемување на искористеноста на компјутерите во наставна и воннаставна дејност | Директор, стручни соработници | Континуирано | Посета на наставни часови | Зголемена употреба на ИКТ во поголем број на часови |
| Реализација на годишна програма | Подобрување на квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа во училиштето | Училишен одбор, Совет на родители, Наставнички совет, Локална самоуправа и одговорен советник при | Континуирано | Состаноци, анализа на извештаи, Програма за следење | Реализирана програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | БРО | | | |
| Изработка на извештаи, анализи и информации | Подобрување на начинот на известување и обработување на постигањата на училиштето | Директор, стручни соработници, задолжени наставници | Тримесечно, полугодишно и годишно | Евидентни листови, Неделни оперативни планирања, Анкетни листови | Подобар квалитет во работата и унапредување на воспитно образовната работа |

## СТАНДАРДИ И КРИТЕРИУМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ
### на воспитно - образовната работа

Воспитно - образовниот процес во училиштето се следи од страна на директорот и стручните соработници – педагог, психолог и дефектолог. Ова следење е планирано во нивните програми за работа. Со овие стандарди и критериуми се одредува динамиката и карактерот на следењето и вреднувањето.

**Следење и вреднување на планирањата од наставниците по предмети:**

| Вид на планирање кое се следи | Динамика на следењето | Начин на следење | Документ за евиденција | Носители на следењето |
|---|---|---|---|---|
| Глобалното и тематско планирање за задолжителната, дополнителната и додатната настава и СУА | Во текот на месец септември | Увид во планирањата, целосност и застапеноста на сите потребни елементи во истите. Овој образец се чува во наставничкото досие. | Образец за следење на на планирањата | Директор педагог, психолог |
| Дневни планирања ( с ц е н а р и ј а ) | Периодично | Увид во дневните планирања и застапеноста на сите потребни елементи во истите | Протокол за следење | Директор Педагог психолог |
| Годишната програма за работа на училиштето | По класификациони периоди | Разгледување и анализа на реализацијата | Записници Извештаи | Директор, педагог, психолог |

**Следење и вреднување на задолжителната, дополнителната и додатната настава**

Наставата ќе се следи на два начина: неструктуирано и структуирано.

**Неструктуираното следење** и вреднување на наставата ќе се спроведува инцидентно, доколку се јави некаков проблем во паралелката, доколку се добиени информации за неквалитетно изведување на наставата и слично. Кога се следи и вреднува на ваков начин:

- мора да се најави барем еден час порано кај наставникот;
- не треба да се има предвидени очекувања од следењето;
- следењето се бележи во слободна форма;
- се бележат некои впечатливи детали од наставниот процес;
- се обидуваме да го идентификуваме проблемот (доколку постои);
- по следењето белешките се систематизираат и чуваат како извештај од неструктуирано следење на настава;
- по следењето се врши разговор со наставникот, а заклучоците од разговорот се внесуваат во извештајот.

**Структуираното следење** на наставата е она кое е планирано во годишните програми на директорот, психологот и педагогот. Ова следење:

- се договара најмалку ден порано со наставникот;
- однапред се знае што ќе се следи;
- следењето се бележи во однапред изработени обрасци кои се исти за сите следења;
- по следењето се разговара со наставникот или писмено му се доставува извештајот од следењето;
- овој образец се чува во наставничкото досие.

**Следење и вреднување на воннаставните активности**

Реализацијата на воннаставните активности ќе се следи на полугодие и крај година внесувајќи ги содржините во посебен образец за следење. Овој образец се чува во наставничкото досие.

**Следење на педагошката евиденција и документација**

Следењето на педагошката евиденција и документација е со цел: увид, контрола и преглед на начинот на кој се потполнува од страна на вработените во училиштето. Следењето во врши директорот на училиштето во соработка со педагогот и психологот.

**16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно - образовниот кадар**

| Активности | Носители на активности | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| **Креирањена политика за поддршка на планирањето за посета на часови** | директор - стручни соработници -наставници | Анализа на состојбата - Распоред на часови - Стручни материјали - Извештај од посетени часови | Прашалник за наставниците | Септември 2025 | Увид во реализација на наставата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови** | директор - стручни соработници -наставници | Следење на планирањата на наставниците -Дневна подготовка на наставниците | Инструмент за евалуација на часот | континуирано | Подобар квалитет при реализација на часовите - Користење современи приоди во наставата |
| **Евалуација** | директор - стручни соработници -наставници | Програми и подготовки на наставниците | Прашалник за наставниците- Обработка на податоците од увид на часовите– пополнети инструменти | јуни 2026 | Зголеменост на ефикасноста на наставата |

**16.4 Самоевалуација на училиштето**

Согласно Законот за основно образование на крајот на секоја втора наставна година училиштето врши самоевалуација. Самоевалуација е постапка со која се вреднува сопствената пракса - вреднување на процесот и постигнувањата.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

-подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);

-фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);

-фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Самоевалуацијата на училиштето за периодот 2023 – 2025 година, се изработи во месец мај 2025 година и во неа беа вклучени сите наставници кои работеа во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаа во предвид при изготвување на план за развој на училиштето кој беше изготвен во месец јули 2025 година со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Тим за **Самоевалуација на училиштето:**
Психолог: Лидија Хаџиарсова
Педагог: Александар Домазетов
Предметен наставник: Катерина Најдов
Предметен наставник: Габриела Андонова
Родител: Маја Гелев

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има изработен план задвижење при евакуација и на секој спрат се поставени скици на кои се претставени сите излези и влезови во училиштето и најбрзиот пат да се стигне до нив. Определени се наставници кои се одговорни при несакани елементарни непогоди.

Континуирано се спроведува и програмата за поддршка на ученици кои не го почитуваат Кодексот на однесување, ќе се одржуваат работилници и трибини.

## 18. Грижа за здравјето

Целта на активностите од ова подрачје е да се оспособуваат учениците за заштита и унапредување на здравјето, преку развивање на свесноста за значењето на психофизичкото здравје на човекот и зголемување на личната и колективна одговорност.

Програмски содржини:

- Хигиена во училиштето
- Систематски прегледи
- Вакцинирање
- Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Конкретните содржини ќе се реализираат низ редовната настава, часот на одделенскиот раководител и слободните активности, како и во соработка „Здравствен дом“ - Велес, со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, со Заводот за ментално здравје на деца и младинци.

### 18.1 Хигиена во училиштето

Училиштето и оваа учебна година ќе води грижа за хигиената во училишниот објект. Во текот на годината, во училиштето ќе се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Завод за здравствена заштита Велес. По потреба, во случај на епидемија, постапките можат и да се повторат.

Ходниците, тоалетите, училниците, ќе се чистат и одржуваат во текот на денот со средства за хигиена и ќе се дезинфицираат. Средствата за одржување на хигиената се чуваат и потреба се доделуваат од страна на задолженото лице во училиштето. Ходниците се чистат редовно во текот на денот. Подот и мебелот во училниците се чистат два пати во денот. Генерално чистење ќе се изведува за време на зимскиот распуст и за време на летниот одмор.

Во текот на годината – континуирано, за време на училишните акции – Ден на екологијата, Ден на планетата Земја, учениците и вработените ќе се организираат за чистење на училиштето и дворната површина околу него. Дворното место – зелената површина во училишниот двор ќе се одржуваат секојдневно од страна на техничкиот персонал, учениците и наставниците.

### 18.2 Систематски прегледи

Систематски прегледи посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во соработка со „Здравствен дом“ – Велес, преку реализирање на превентивни стоматолошки зафати и едукативни предавања. Родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени при секој систематски и стоматолошки преглед.
Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците ќе се реализира и преку навремено примање на задолжителни вакцини согласно календарот за имунизација и вакцинација.

### 18.3 Вакцинирање

Во соработка со „Здравствен дом“ – Велес се спроведува вакцинирање на учениците според Календарот за имунизација од Министерство за здравство, во просториите на Здравствен дом - Велес, при што родителите на учениците и одделенските раководители се навремено известени при секое вакцинирање.

### 18.4 Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училишниот тим за здрава храна прави програма за едукација на учениците за здрава храна во која се вклучени едукативни предавања од здравствени работници и екперти од таа област, кои се реализираат во воннаставните активности. Покрај тоа, наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна. Исто така, на редовните часови обработуваат содржини поврзани со здравиот начин на исхрана и живеење. Здравата исхранаподразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук. Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност, се овозможува зачувување на здравјето, а се намалува и вишокот на телесна тежина, која е исто така важен фактор на ризик за повеќе малигни заболувања.
Во училиштето ќе се реализираат активности со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите.

## 19. Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето, ќе бидат вклучени сите субјекти во училиштето како и родителите. Навремено ќе се преземаат конкретни мерки (идентификација на ученици кои не го почитуваат кодексот на однесување, советодавни разговори со нив, вклучување на родителите, дежурстава на наставниците). За дежурствата на наставниците ќе се изработи и распоред.

На почетокот од учебната година во распоредот на часови се внесуваат и дежурните наставници за секој ден од неделата по катови. Тие имаат задача да се грижат за дисциплината за време на одморите. Секој главен дежурен наставник води писмена евиденција за тековните случувања (дневник за дежурни наставници).

| Акционен план за подобрување на училишната дисциплина | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
| Изготвување распоред за дежурство на учениците во училиштето | Контрола на движењето и посетата на надворешни лица - посетители на училиштето | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебна година | Безбедно одвивање на наставниот процес |
| Изготвување распоред за дежурство на наставниците во училиштето во двете смени | Контрола на однесувањето на учениците за време на одморите во училиштето и училишниот двор | Директор Одговорен наставник за распоред на часови | На почетокот на учебната година | Безбеден престој на учениците во училиштето и училишниот двор |
| Дискусија за однесувањето и дисциплината на учениците на состаноците на УП | Развивање свест кај учениците за важноста на соодветното однесување во училиштето | Одговорните наставници на Ученичкиот парламент и претседателите на УП на паралелките | Во текот на учебната година | Соодветно однесување од страна на учениците |
| Избор на содржини и активности за часовите на одделенската заедница поврзани со дисциплината на учениците | Развивање самокритичност и одговорност кај учениците за сопственото и однесувањето на со учениците | Одделенските раководители и учениците | Во текот на учебната година | Развиена свест и одговорност за сопственото однесување кај учениците и вработените |

**Критериуми за успех** — намален број евидентирани случаи на несоодветно однесување на учениците од страна на дежурните наставници, намален број изречени педагошки мерки за учениците
**Инструменти** — писмена евиденција од дежурства на наставниците, евидентни листи на одделенските раководители за однесување на учениците, протокол за упатување ученик на разговор кај стручните соработници
**Индикатор за успешност** – намален број советувања на ученици и родители
**Одговорен за следење** – директор, одделенски раководители, стручни соработници

**Повратна информација**

-подобрување на дисциплината, а со тоа и на ефикасноста на наставата

-почитување на правилата на однесување во училиштето

-намален број на изречени педагошки мерки за учениците

-намален број на повикани родители на советување

-одговорност за сопственото однесување од страна на сите субјекти во училиштето.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во текот на целата учебна година учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето ќе водат грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето и опкружувањето. Во училиштето континуирано работи тим за естетско уредување на холовите и училишниот двор. Активностите се насочени кон уредување и одржување на училниците и кабинетите, катчињата со ученички изработки во училишните ходници, уредување на училишниот двор и останатите простории во училиштето.

Во сите активности ќе бидат вклучени сите ученици без разлика на нивната етничка и национална припадност.

### 19.3 Етички кодекси

Во училиштето години наназад има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници, како и на web страната на училиштето. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители, се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

### 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

На ниво на училиште континуирано се води грижа за подобрување на комуникацијата на сите нивоа. Покрај реализирани обуки за подобрување на комуникациските вештини се организираат заеднички дружења, прослави, екскурзии. Училиштето има изготвено: Кодекс на однесување за вработени, ученици и родители; Еко кодекс; Правилник за однесувањето на учениците во училиштето и училишниот двор; Правилник за изрекување педагошки мерки на учениците; Процедури за превенција од физички повреди и елементарни непогоди, превенција од насилство. Раководниот тим преку континуирана соработка и состаноци со сите структури врши размена на идеи и работи на разрешување на проблеми.

Раководниот тим секојдневно разменува мислења и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, секогаш се почитуваат. Преку почитување на Законот за основно образование и интерниот Правилник кој е изготвен на ниво на училиште, училиштето има политика во врска со дисциплината, дисциплинските мерки и поведението на учениците и вработените.

За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информирани. Училиштето тековно дава поддршка за унапредување на здравјето преку систематските prгледи и превентивните прегледи за хигиена, преку предавања организирани од стручни лица. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители, чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби. За да се подобри квалитетот на училиштето се вршат анализи на резултатите добиени на

полугодието и на крајот на тековната учебна година и врз основа на сознанијата се прават планирања за следната учебна година.

**20. Професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар**

Развојните програми во училиштето кои се однесуваат на професионалниот развој на наставниците се изготвуваат така што ги мотивираат и оспособуваат наставниците за квалитетна работа која им помага за подобра ефикасност во наставниот процес, успех на секој учесник како поединец и училишната организација како целина. Наставниците не се само корисници на професионалното знаење кое го произведуваат други, туку и произведувачи и на нови знаења. Тие се одговорни пред новите барања и превземат активности како дел од ppомените во училиштето и пошироката општествена средина.

Професионализмот во училиштето се гради врз основа на:

- Професионалниот развој на наставниците
- Фокусирање на работата во училницата
- Професионалното учење кое зазема централно место во унапредување на училиштето
- Училиштето го организира професионалниот развој на кадарот

Професионалиот развој е насоченост кон развојот и учењето и се потпира на определени вредности во работата. Тој претставува динамично разбирање на учењето и е континуиран процес. Го поддржува учењето, дејствува во насока на поттикнување на одговорноста кај учениците за учење; овозможува соработка на сите нивоа во училиштето, со новите партнери на подрачјето на технологијата, културата, работното живеење и социјална работа.

Професионален развој на образовниот кадар континуирано ќе се следи од страна на директорот и стручна служба и се водат професионални досиеа за секој наставник.
Професионалниот развој е заедничка агенда на сите вработени.
Врз основа на самоевалуацијата на наставниот кадар, стручната служба и директорот, како и Планот за развој на училиштето планирани се следните обуки во тековната година:

